РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 1409-414/4
24.04.2020 год.-Viti
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Северна Македонија
SEEU Tetovo - Republic of North Macedonia
Tetovë-Тетово-Tetovo

| Pranuar<br>Примено<br>Received | 16.10.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Njësia org<br>Орг. единица<br>Org. unit | Numër<br>Број<br>Number | Bashkangj.<br>Прилог<br>Attachment | Vlera<br>Вредност<br>Value |
| 03 | 3075 | 1 | |


Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата седница одржана на 29.07.2020 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## за акредитација на студиската програма „Компјутерски науки" од трет циклус докторски студии на Факултет за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово

1. Се акредитира студиската програма „Компјутерски науки", од трет циклус докторски студии на Факултет за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2020/2021 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор по компјутерски науки /во меѓународен промет академски назив Doctor of compouters science.

4. Научно - истражувачко подрачје: Техничко - технолошки науки, Природно - математички науки
Научно – истражувачко поле: 507 Компјутерски техника и информатика, Информатика, Математика
Научно – истражувачка област: 21200 - Архитектура на сметачки системи, 21201 - Програмски јазиции технологии, 21202 - Информациони системи и мрежи, 21203 - Бази на податоци, 21204 - Обработка на информации, 21205 - Вештачка интелегенција и системи, 21206 - Процесирање на податоци, 21207 - Организација и методологија на проектирање на сметачки системи (харвердски системи, софтвер), 10907 - Математичка статистика и операциони истражувања, 10912 - Применета математика и математичко моделирање, 10913 - Програмирање, 11000 - Информатика, 11007 - Алгоритми, 11002 - Информациони системи и програмирањ, 11001 - Теорија на системи и контрола, 11009 - Симулација, 11010 - Развивање на софтвер и бази на податоци, 11011 - Друго.

5. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф. д-р Замир Дика, проф. д-р Лејла Абази Беџети, проф. д-р Арбана Кадриу, проф. д-р Мајлинда Абази, проф. д-р Халил Снопче, проф. д-р Менотр Хамити, проф. д-р Артан Лума, проф. д-р Бесник Селими, проф. д-р Бујар Рауфи, проф. д-р Адриан Бесими, проф. д-р Висар Шеху, проф. д-р Флорие Исмаили, проф. д-р Џемал Зенуни, проф. д-р Јаумин Ајдари.

6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената одлука бр. 08-3566/2 од 10.12.2019 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Компјутерски науки науки" од трет циклус (докторски) академски студии на Факултет за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.1409-414/2 од 16.12.2019 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 3-та седницата одржана на 01.07.2020 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.1409-414/3 од 31.08.2020 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 5-та седница одржана на 29.07.2020 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование
Академик Владо Камбовски